**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-3530/2
Скопје, 29 април 2020 година

ДО ЕСЕ, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

С К О П Ј Е

**Предмет: Извадок од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 април 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID – 19, на Триесет и осмиот состанок, одржан на 29 април 2020 година, го разгледа Барањето за итно (неодложно) преземање на активности за заштита од семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба, доставено од ЕСЕ, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда, со цел доставување на одговор по истото.

ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН
КРИЗЕН ШТАБ

**Прилог 1: Барање за итно (неодложно) преземање на активности за заштита од семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба, доставено од ЕСЕ, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**- Министерство за внатрешни работи**
**-Министерство за правда**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

ЕСЕ
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
ЕСЕ

ул. Максим Горки 20/1-4,
1000 Скопје, Р. Македонија

Тел. 02 3298 295
Факс 02 3211 453

esem@esem.org.mk
administration@esem.org.mk
www.esem.org.mk

Република Северна Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 29-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| 44- | 3530 | /1 | |

**До:**

**Претседателот на Владата на Р. С. Македонија, Оливер Спасовски**

**Главниот координативен кризен штаб**

**Заменик министер за труд и социјална политика, Ѓонул Бајрактар**

**Министер за внатрешни работи, Наќе Чулев**

**Министерка за правда, Рената Дескоска**

**Министер за здравство, Венко Филипче**

**Предмет: Барање за итно (неодложно) преземање на активности за заштита од семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба**

**Врска: Број на Министерство за труд и социјална политика 10-2933/2 од 16.04.2020 година**

Почитувани,

Со претходно доставените препораки за итна заштита на жените кои претрпеле семејно насилство сакавме да укажеме на потребата за неодложно запознавање на целото население за можностите за заштита од семејно насилство преку различни канали за комуникација, како што се: медиумите, мобилните оператори, претпријатијата за снабдување со вода и струја, маркетите и локалните кризни штабови за справување со кризата. Побаравме и формирање на посебен државен фонд и приоретизирање на предметите на семејно насилство при постапувањето на ЦСР, полицијата и судовите, како и обезбедување на итно згрижување, надомест на трошоците за живот и обезбедување на законски предвидената бесплатна здравствена заштита за жените кои претрпеле семејно насилство.

**Сакаме да потенцираме дека одговор на нашето барање добивме само од страна Министерството за труд и социјална политика, меѓутоа не и од останатите надлежни министерства, односно Министерство за внатрешни работи, Министерството за правда и Министерството за здравство.**

Со ова повторно барање сакаме да алармираме дека во практика изостанува навременото информирање и итната реакција на институциите кои се вклучени во системот на заштита од семејно насилство.

Загрижува тоа што 40 дена откако е прогласена вонредната состојба сеуште не се преземени соодветни мерки за информирање на населението за можностите за заштита од семејно насилство. Планирањето на „кампања за пријава на семејно насилство во вонредна состојба", без нејзино ефективно спроведување пред и за време на периодот на вонредна состојба не придонесува за поголемо информирање на жените каде можат да се обратат за помош и поддршка. **Бараме од Владата и надлежните министерства неодложно преземање на активности за информирање на населението во сите урбани и рурални места на живеење за можностите за заштита од семејно насилство.**

Владата нема обезбедено средства за итно згрижување на жените кои претрпеле семејно насилство и покривање на нивните трошоци за живот. **Бараме од Владата формирање на посебен државен фонд за поддршка, преку кој ќе се покриваат трошоците за згрижување и трошоците за живот на жените кои претрпеле семејно насилство.**

Центрите за социјална работа не преземаат навремени активности за помош и поддршка на жртвите согласно нивните специфични потреби. Загрижувачки е повикот на МТСП „видувањата на децата со родителите да се одржуваат во договор меѓу двајцата родители", како и повикувањето на одговорност на жртвите за злоупотреба на решенијата за видување на децата. **Бараме МТСП веднаш да достави до ЦСР јасни насоки за итно процесуирање на барањата на жените кои претрпеле семејно насилство согласно нивните потреби. Воедно, бараме МТСП веднаш без одлагање да ги информира ЦСР за потребата од промена на постоечките решенија за видување на децата, односно ограничување на видувањата на децата за периодот на вонредна состојба, со надоместување на тие видувања по престанокот на истата.**

Полицијата не обезбедува навремено итно згрижување на жените и нивните деца, како и итно процесуирање на постапките за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство. Дополнително, жените кои претрпеле семејно насилство се повикуваат и на кривична одговорност за сторено кривично дело „одземање на малолетник" од страна на МВР. **Бараме МВР веднаш да достави наредба со телеграма до сите полициски станици за обезбедување на итно згрижување на жените кои претрпеле семејно насилство во засолништа или хотели во нивното место на живеење, во ситуација кога мораат да го напуштат домот поради ризикот по нивниот живот и здравје. Бараме МВР да наложи неодложно и ефективно процесуирање на истрагите за кривичните дела сторени како резултат на**

**семејно насилство. Воедно, бараме да не се процесуираат кривични постапки за сторено кривично дело „одземање на малолетник" против жртвите на семејно насилство и да се воспостави соработка со ЦСР во ситуациите од ваков вид.**

Министерството за правда и Судскиот совет немаат преземено активности за давање на приоритет насудските случаиповрзани со семејното насилство и информирање на јавноста. **Бараме Министерството за правда веднаш да достави допис до Судскиот совет за итно одржување на онлајн седница со цел давање на приоритет на предметите поврзани со семејно насилство: кривичните дела сторени како резултат на семејно насилство, граѓанските постапки за изрекување на Привремени мерки за заштита и постапките за доверување на децата или промена на одлука за старателство (во ситуации кога има опасност по детето).**

Жените кои се обраќаат за обезбедување на здравствена заштита се соочуваат со сериозни бариери и неможност за добивање на законски загарантираните бесплатни здравствени услуги и издавање на медицинска документација. **Бараме Министерството за здравство веднаш без одлагање да достави допис до сите здравствени установи за обезбедување на итна, неодложна и бесплатна здравствена заштита за жртвите на семејно насилство, согласночл. 31 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.**

Почитувани, земајќи го предвид наведеното алармираме дека во сегашните услови неопходно да се обезбеди поддршката и сервисите за жртвите кои недостасуваа од самото воспоставување на државниот систем за заштита, додека истовремено мора да се работи на адаптирање на постапувањето на институциите во услови на криза и вонредна состојба. **Затоа бараме неодложно преземање на сите наведени суштински мерки и активности за подобрување на заштитата на жените кои претрпеле семејно насилство, наспроти декларативните заложби дека системот функционира.**

Со почит,
**Стојан Мишев**

Координатор за мониторинг на човекови права и обезбедување на правна и психолошка помош
Здружение ЕСЕ